нанија до кои дошол за време на истражувањето по овој проблем. Тој се осврнува и на состаноците на ЦК КПМ до летото на 1943 и тоа: во Тетово од 19 март, Лопушник од 4—5 мај и Преспанскиот состанок од 2 август, а потоа за формирање и активноста на партизанските одреди, баталјони и бригади, за создавање и проширување на слободната територија во Западна Македонија, борбите за одбрана на слободната територија, формирање и активноста на народноослободителните одбори, воено-заднинските органи, културно-просветната активност, како и целокупниот живот на слободната територија.

Ослободувањето на Западна Македонија е тема на четвртиот дел од книгата (с. 271—294). Во овој дел авторот се осврнува на положбата во Западна Македонија по напуштањето на оваа територија од страна на единиците на НОВ и ПОМ и военото и политичкото раководство (Главниот штаб на НОВ и ПОМ и ЦК КПМ), германско-балистичката активност, како и активноста на организациите на КПЈ на оваа територија. Во продолжение ја проследува активноста на единиците на НОВ и ПОМ во текот на Февруарскиот поход, подготовките за возобновување на слободните територии во Западна Македонија, потоа формирањето на нови бригади и дивизии, како и борбите за конечното ослободување на Западна Македонија со што завршува трудот.

На крајот да заклучиме дека авторот д-р Владо А. Ивановски, и покрај низата тешкотии што се јавуваат во обработката на ваков вид на труд, успешно го обработил проблемот што пред себе го поставил и ни презентирал една многу корисна и ценета книга од најновата историја на македонскиот народ и со право можеме да речеме дека не само македонската историографија туку и југословенската историографија се здобива со едно мошне значајно дело. Книгата е мошне разбирлива и препорачлива во прв ред за сите оние што се занимаваат со проучувањето на ослободителната војна, потоа за професорите и наставниците по историја, студентите, а исто така и за широката читачка публика. Таа е од неоценлива корист за негување на богатите револуционерни традиции на нашиот народ и користење и на воените искуства од минатото.

М. М.

**Д-р Ристо ПОПЛАЗАРОВ, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век,**
ИНИ, Скопје, 1973 год., 324

Во годинава продукција на Институтот за национална историја видно место зазема споменатово дело на Ристо Поплазаров.

Книгата е поделена на три дела. Првиот дел содржи три, вториот пет, а третиот дел две глави. На крајот авторот дал резиме на ма-

кедонски, руски и англиски јазик, преглед на консултираните извори и литература, како и регистер на личните имиња.

Делото е компонирано врз база на обемна изворна документација и литература. Во презентираната проблематика акцентот е ставен на првата деценија на XX век, а особено на периодот од 1904—1908 година.

Првиот дел (9—65 стр.) е посветен на политиката на Кралството Грција спрема Македонија во периодот од 1854—1904 година.

Во првата глава од овој дел, авторот се задржува на четничките и другите големогрчки акции во Македонија во втората половина на 19 век. Притоа, накратко говори за големогрчката политика спрема Македонија во текот на Кримската војна и по неа, за грчкото „востание" на Олимп во 1878 г., за големогрчките четнички и други акции во и за Македонија по Берлинскиот конгрес, како и за освојувачките вооружени акции на Грција во Македонија во 1896 и 1897 година. Во следната глава е предаден односот на Кралството Грција и на грчките митрополити спрема македонското национално револуционерно движење (1897—1903 г.). Овде авторот говори за грчко-турското зближување и неговиот антимакедонски аспект, за агитацијата на Јон Драгумис, за митрополитот Каравангелис како организатор на андартски чети, за односите меѓу ТМОРО и Грците и за купување на оружје во Грција, како и за првата андартска чета испратена од Грција во Македонија во 1903 година. Во последната глава од овој дел се разгледани ставот и држењето на Грција и на Патријаршијата спрема Илинденското востание. Притоа, се изнесени: ставот на Бугарија и Србија спрема Илинденското востание, дипломатската активност на грчката влада, другите акции во Грција, како и непријателските акции на грчките митрополити, конзули и агенти против востаниците во Македонија. Освен тоа, авторот говори и за престојот на македонски револуционери во Грција по поразот на Илинденското востание.

Вториот дел, „Великогрчката вооружена интервенција во Македонија од 1904—1908 година" (67—223) е најобемен и најопстојно обработен.

Првата глава е посветена на подготовките и обидите за организирање на вооружена пропаганда и на создавањето и дејноста на андартското раководство. Овде авторот говори за офицерската мисија, за обидите на Павлос Мелас да организира андартски чети, за Атинскиот „Македонски комитет" како владин орган за вооружена пропаганда, за улогата на грчките конзулати во андарството, за споровите и промените во андартското раководство, како и за финансирањето на андартството. Во втората глава е разгледан односот на турските власти спрема големогрчката вооружена пропаганда. Третата глава е посветена на андартството во Битолскиот вилает. Оваа глава е разделена на два дела. Во првиот дел се опфатени борбите во Костурско, Леринско и во соседните области. Овде се говори за андартските канали и бази, за дејноста на андартските чети во 1904 година и отпорот против нив, за

борбите меѓу организационите вооружени сили и андартските чети и за засилувањето на андартскиот терор, за проширувањето на андартството во областа на Билишта и Преспа, за поразите на андартските чети и четите на Организацијата во 1906 и 1907 година, како и за дејноста на грчките чети во првата половина на 1908 година. Во вториот дел од третата глава е опфатена дејноста на големогрчката пропаганда во Битола, Битолско и Мариовско. Притоа, авторот говори за андартската „Организација" во Битола, за акциите на грчките чети во Битолско, како и за дејноста на грчките чети во Мариово и отпорот против нив. Четвртата глава е посветена на андартството во Солунскиот вилает. Овде авторот се задржува на андартството во зоната Берско-Негушко-Воденско и отпорот против него, на борбите на силите на Организацијата со андартските чети и турските потери во Еницевардарско и Гуменџиско, на борбите со андартите во Гевгелиско, Дојранско и Струмичко, на грчките чети во Солунско, Кукушко и Лагадинско, на големогрчката вооружена пропаганда во Серскиот санџак и борбата на санданистите против неа, на дејноста на андартството во Драмскиот санџак, како и на дејноста на големогрчката „Солунска организација".

Разгледувајќи ја појавата на андартството, авторот, меѓу другото, истакнува: „Сестраното ангажирање на грчката држава во андартството беше првиот главен фактор кој го овозможи неговото организирање и издржување. Притоа, најактивни беа: Министерството за надворешни работи, кое работеше преку своите конзулати во Македонија и по дипломатски пат го бранеше андартството, и Министерствата на војната и финансиите, кои ја обезбедуваа кадровската, воено-материјалната и финансиската база на четничката интервенција. Грчко-турската соработка (во однос на Македонија) се јавува како втор главен фактор за успешниот тек на андартството". (269)

Во последната глава од вториот дел авторот изнесува некои статистички податоци. Базирајќи се врз грчките статистики, авторот истакнува дека во Македонија биле „испратени 60 андартски војводи со офицерски чинови и други 50 војводи без воено образование, но и тие, пред да бидат испратени, биле специјално школувани. Тоа значи дека тие раководеле со околу 110 андартски чети". (219) Во посебен табеларен преглед е изнесено дека во периодот од 1903—1909 година грчката вооружена пропаганда во Македонија ја сочинувале 218 политички и 2.765 воени кадри. Во споменатиот период воениот кадар загубил 669 лица. (219—220). Дотогаш, на другата страна, „се смета дека во периодот од 1904—1908 година во Македонија се убиени, во текот на четничките и другите вооружени акции 5.000 до 7.500 невини луѓе од кои околу 2.500 се жртви на големогрчкото четништво. Изгорени се стотици куќи и ограбени многу имоти. Најповеќе настрада селското население. Големогрчкиот терор се почувствува во повеќе градови, каде што преку специјални организации (во Солун и Битола), беа извршени

стотици терористички акции и е организирана т.н. „економска борба“ (бојкот), која најповеќе ги засегаше најсиромашните слоеви“. (273).

Последниот, третиот дел (225—264), е посветен на големогрчката политика спрема Македонија во периодот од 1908—1912 година.

Во првата глава се говори за големогрчката пропаганда и нејзините вооружени акции по Младотурската револуција. Во неа се изнесени мислења за положбата и дејноста на грчката пропаганда (1908—1909 г.), како и дејноста на андартските чети по Младотурската револуција. Во последната глава станува збор за антимакедонските големогрчко - бугарски дипломатски, пропагандни и четнички акции и отпорот против нив (1909—1912 г.). Овде се говори за соработката меѓу големогрчката и големобугарската „легална“ пропаганда во Македонија и за отпорот против неа, за андартско-врховистичката соработка и борбата против неа, како и за грчко-бугарскиот договор за освојување на Македонија.

Во книгата на Р. Поплазаров се провлекле низа печатни грешки. Изгледа дека таква грешка се провлекла и на стр. 41, кога станува збор за „Иванчовата афера од 1902 година“.

Во делото на Р. Поплазаров е проследена генезата на грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Поаѓајќи, пред се́, од тој аспект, презентираниов труд претставува значаен прилог кон македонската историографија.

Д. Д.

## ЕДНА НЕЗАВРШЕНА МОНОГРАФИЈА ЗА ЕДНА ЗАВРШЕНА БИОГРАФИЈА (К. Солунски: Кузман Јосифовски — Питу, живот — дело — време, Скопје, 1973)

Пред нас се двете книги, со рамно 500 страници испишан текст, на јубилејното издание по повод прославата на 30-годишнината на КПМ, на историската монографија на нашиот писател **Коце Солунски** за истакнатата револуционерна фигура на најновото ослободително движење на македонскиот народ, долгогодишниот прекален комунистички револуционер, борец и раководител на Народноослободителното движење на нашиот народ и народностите од Македонија, пред и во текот на Втората светска војна, народниот херој **Кузман Јосифовски — Питу.** По објавувањето на првата монографска студија за народниот херој **Мирче Ацев,** оваа необично богата — како по обем, така и по содржина — монографија за Кузман Јосифовски — Питу е втората по ред која излегува од перото на еден нивни помлад соборец и револуционер од познатиот во текот на НОБ и Народната револуција град првенец Прилеп со своите први партизански истрели врз бугарските фашистички окупатори во Македонија.

Пишувани во контекстот на животот, делото и времето на на-